пат на некои записи и натписи испишани од струмичките цркви. Од областа на просветата и школството забележително место имаат трудовите на Ристо Кантарџиев „Отворање на народни училишта во Струмичко и Струмица во 60-те и 70-те година на XIX век", на Благој Стоичовски „За учителската дејност на Арсени Костенцев во Струмичкиот крај" и на Александар Трајановски „Судирите на Струмичкиот револуционерен комитет со митрополитот Герасим во Струмица и Струмичко".

Коста Цветанов во своето соопштение се осврнува на Манастирот во Вељуса во народноослободителната борба.

Во Зборникот се поместени и трудови од областа на фонетиката, а имено: Кита Бицевска се осврнува на „Струмичкиот апостол од XIII век", Коста Пеев ни презентира „Поглед врз значењето и образовањето на микротопонимите од Вељуса", а Љубица Станковска се осврнува на „Средновековниот топонимски модел во Струмичко".

Зборникот во себе сумира и два куси прилози од областа на музикологијата, а имено на Драгослав Ортаков кој се осврнува на „Музичкото минато на Струмичкиот крај и прилогот на Сотир Голабовски „Пеењето во гркокатоличката црква во Струмица".

Презентираниов зборник претставува релевантен придонес за расветлување на културно-уметничките и историски сегменти на овој драгоцен културно-историски споменик на нашиот народ. Воедно Зборников иницира натамошни проучување на останатите културно-историски споменици, кои го чинат културно-историскиот мозаик на македонскиот народ.

Александар ИЛИЕВСКИ

Сотир ГОЛАБОВСКИ, **Традиционална и експериментална македонска музика,** „Македонска ревија" — Скопје, 1984.

Појавата на дела од културната историја на Македонија е добродојдена и благородна работа. Величината на еден народ се огледа во неговата културна историја и традиција. Еве пред нас се наоѓа книга што расветлува една страна од македонската културна историја — музиката, под наслов: „Традиционална и експериментална македонска музика" од познатиот македонски композитор и музиколог м-р Сотир Голабовски. Оваа значајна публикација ја издаде „Македонска ревија" од Скопје во рамките на својата библиотека „Критики и есеи". Рецензенти се Властимир Николовски и Драгослав Ортаков. Книгата содржи 172 страници + 24 фотокопии од ракописи, мелографиран материјал и фотографии од истакнати музички дејци. Во неа се застапени неколку наслови и поднаслови на одредени тематски целини.

Во почетокот е даден сосема кус предговор (7—8) од акад. Властимир Николовски во кој се истакнува важноста на оваа книга. За неа тој вели: „... претставува резултат на еден долгогодишен труд од областа на музичко-историското минато на македонскиот народ, кои истражувања допираат дури до времето на Климент Охридски".

По кусиот предговор следи првата тема (9—46) под наслов: „Прилог кон проучувањето на македонското црковно пеење". Оваа тема е поделена на два поднаслова и тоа: „Извори за проучување на македонското црковно пеење" и „Периодизација на македонската духовна музика". Во првиот поднаслов, авторот ги изнесува главните извори што служат за проучувањето на македонското црковно пеење, а тоа се: зачуваните литургиски ракописи со и без музичка нотација или знаци: историски документи (житија, летописи, писма, патописи и сл.) и усната традиција во огромна мера (црковна и световна). Во прилогот изнесени се сите досега познати извори т.е. музички ракописи, житија и др. од X до XIX век. Во вториот поднаслов „Периодизација на македонската духовна музика" С. Голабовски издвојува четири периода и тоа: 1. Период на антички влијанија, 2. Период на византиски влијанија 3. Период на ориентални влијанија и 4. Период на западноевропски влијанија. Сите четири периоди добро се анализирани и фактографски прикажани.

Во втората тема (47—61) под наслов: „Некои согледувања за византиско-словенската естетика како одраз на средновековните морални норми", авторот се задржува на следните проблеми: Поимот естетика во христијанската музика; Основни пунктови на христијанскиот теолошки систем; Аскетизмот како етичка и естетска категорија; Динамиката и статиката како етички и естетски категории; Возвишеното и убавото како етички и естетски категории и Отворениот и затворениот облик како етичка и естетска категорија. Врз основа на овие теоретски размислувања С. Голабовски на крајот го дава следниот свој заклучок: „Бидејќи етиката е наука која има за цел да ги вреднува етичките компоненти ... од досега изнесеното можеме да констатираме дека христијанската музика од средниот век не само што не е надвор од оваа област, туку таа е стопена во неа. Затоа, кога зборуваме и за византиско-словенската музика не можеме неа да ја толкуваме изолирано надвор од средновековните морални норми, кои биле услов таа музика да биде таква, а не поинаква".

Посебно поглавје во книгата е посветено на еден од најпознатите византиски црковни композитори и музички теоретичари Јован Кукузел (62—70). Авторот успеал да најде доволно аргументи да докаже дека Јован Кукузел е од македонско потекло од XIV век. Добро е прикажано и делото на Јован Кукузел.

Од стр. 71 до 76 во книгата е поместен „Осврт врз музичките текстови во Болоњскиот псалтир". Даден е краток осврт за овој значаен македонски книжевен споменик. Авторот го свртува вниманието кон овој споменик од музиколошки аспект и нагласува дека :„овој кирилски споменик во натамошните истражувања може да биде користен како документ за дефинирање на самите почетоци на словенската црковна музика".

Интересна е темата под наслов „Тоналните основи на македонската духовна музика од периодот IX—XV век" (77—84). Откако добро е образложено прашањето за тоналните основи на македонската духовна музика, авторот го дава заклучокот дека врз основа на проучениот материјал „на теренот и во

музичките библиотеки и архиви, констатиравме дека постои македонска варијанта на византискиот октоих со јасни контури".

Во делот под наслов „Од музичкото минато на Струга" (86—99) фрла светлина кон музичкиот живот во Струга — градот којшто има богата музичка традиција во минатото. Авторот приведува неколку изворни материјали што се драгоцени и автентични документи за историјата на музиката во Македонија и посебно во Струга и тоа: 1. Кодексот на црквата „Св. Георги" во Струга 1792—1912; 2. Учебник по црковно пеење од Наум Миладин 1843 год.; 3. Грчко-словенски музички зборник за црковно пеење од Георги Икономов од 1853 год; 4. Ракописна псалтикија од Дионис Попоски од 1873 год.; 5. Печатени творби од Крстан Санџаковски (монашко име Калистрат Зографски) од 1905 год. Како продолжение на овој материјал е статијата под наслов „Архаични остатоци во сегашната црковно-музичка практика во струшкиот крај" (100—106). Во врска со овој проблем авторот дошол до следниве сознанија: „1. Пеењето содржи многу архаични белези што дава право да констатираме дека влече корени од подалечното наше културно минато; 2. Непостоењето на ориентализми во ово пеење ни дава право да констатираме дека тоа би можело да влече корени дури од Климентовата школа; 3. Ова пеење е мешавина од византиско-словенска музика и музички фолклор од струшкиот регион што е употребен во многу суптилна форма; 4. Тоналните основи на ова пеење се, главно, дијатонски, но пресудна е енхормонската во седмиот глас, а хроматиката не постои; 5. Напевите имаат голем амбитус, над октава што не е случај со музичкиот фолклор од овој крај; 6. Песните можат да се пејат само во унисоно, или со придружба на исо, но никако не можат да се пејат во терци или сексти".

Интересни се и прилозите: „Животот и делото на Јован Хармосина-Охридски (107—114); „Господи возвах од Дионис Попоски" (115—121); „Некои тонални врски меѓу музичкиот фолклор и црковното пеење во Македонија' (122—126); „Преродбенски елементи во македонската музика од XIX век" (127—135). Во сите овие прилози дадени се богати податоци за историјата на музиката во Македонија.

За одбележување е темата под наслов „Прилог кон проучувањето на македонската музичка епика" со поднаслов „Музиката и музицирањето за време на НОБ во Македонии" (136—157). Предмет на разгледување во оваа тема се: „народните партизански песни и уметничките индивидуални дела што нашиот народ ги прифатил како свои, без оглед на нивното потекло", — истакнува авторот уште во почетокот на овој труд. Во врска со партизанските песни се дава следниот заклучок: „Партизанската песна во ослободената татковина се афирмира како еден од фундаменталните извори на инспирации на македонските музички творци за создавање на свои дела".

Последна тема на С. Голабовски во неговата книга е „Македонска експериментална музика" (158—172). Во неа се зборува за дел од современото македонско творештво што се именува како „музички експеримент". Материјалот во оваа стати-

ја е поделен на неколку поднаслови и тоа: „Науката во служба на музиката“; „Верба во елементарното“; „Скептична ексцентричност“; „Оптимистичка ексцентричност“; „Микста медиа“ и „Нова едноставност“. Оваа статија фрла светлина кон новите струења во музичкиот живот како кај нас така и во светот.

Во целина земено книгата на Сотир Голабовски донесува интересни материјали како од традиционалната така и од експерименталната македонска музика. Таа претставува значаен прилог во македонската наука и култура.

Михајло ГЕОРГИЕВСКИ

## Marco DOGO, **La dinamite e la mezzaluna. La questione macedone nella pubblicistica italiana 1903—1908. (Динамитот и полумесечината. Македонското прашање во италијанската публицистика 1903—1908).** Del Bianco editore — Udine, 1983, 220.

Во издание на издавачката куќа Del Bianco — Udine излезе од печат трудот на Марко Дого. Динамитот и полумесечината. Македонското прашање во италијанската публицистика 1903—1908. Оваа книга на Марко Дого излезе во рамките на едицијата „Цивилизацијата на Преродбата“ во која се издадени повеќе трудови, што зафаќаат интересни проблеми од италијанската историја поврзани со местата од граничните делови на Италија кон Југославија.

Трудот е составен од уводен дел и три поглавја.

Во уводниот дел се зборува за зголеменото интересирање за македонското прашање во почетокот на XX век, врз кое влијаеле повеќе фактори, како што биле антагонизмот на големите европски сили и нивните балкански „клиенти“, така и борбата за отоманското наследство.

Авторот го прати историјатот на македонското прашање уште во времето од пред Кримската војна (1853—1856), следејќи ги текстовите објавувани од разни автори во списанието „Revue des Deux Mondes“. Тој ја потенцира политиката на отоманската влада „раздели по владеј“ со предизвикување на вештачки антагонизми меѓу балканските народи.

Во продолжение авторот го проследува македонското прашање кон крајот на XIX век велејќи: „Блискиот Исток веќе започнува во Трст, но неговото срце беше Македонија, ветена земја и јаболко на раздорот, огниште на најсериозното заплашување на европскиот мир за скорешна иднина“.

Што се однесува до ставот на европската дипломатија кон македонското прашање, тој смета дека Европскиот концепт со своите несигурни постапки ја фаворизирал австриската политика на статус кво на Балканот, зад која се одгатнувала прецизната стратегија на исцрпување и пробивање.

Во почетокот на XX век македонското прашање авторот Марко Дого го гледа низ призмата на политиката на големите сили, кои беа заинтересирани за зачувување на статус кво на Блискиот Исток, и на политиката на балканските држави, кои преку националните пропаганди сакале да ја освојат душата на македонските Словени, и